

# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

МЦМС

**ОДГОВОРНОСТ**

Одговорност за општествените прашања

**ЈАВЕН ДУХ**

Почитување на законските обврски од страна на граѓаните

**ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Одговорност кон животната средина и природата

**СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА**

Поминување време со роднини, пријатели, колеги, во рекреација...

**ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ**

Учество на граѓаните во политички непартиски активности

**ЗАЕДНИЦА**

Доброволна активност во заедницата

**ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО**

Учество и активност на граѓаните во организациите на граѓанското општество

**ДАРУВАЊЕ**

Добротворство преку работа, средства, знаење и/или добра

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

МЦМС

# ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

*Скопје, април 2009 г.*

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор

**Автори**

| | |
|---|---|
| Сашо Клековски | Одговорност за општествените прашања; Јавен дух |
| Александар Кржаловски | Учество во непартиски политички активности |
| Сунчица Саздовска | Учество и активност на граѓаните во организации на граѓанското општество |
| Гонце Јаковлеска | Добротворни прилози |
| Миодраг Колиќ | Ниво на социјализација; Учество во доброволни активности на заедницата |
| Даниела Стојанова | Одговорност кон животната средина |

**Лектура**
Даниел Медароски

**Дизајн и подготовка**
МЦМС

**Тираж:**
300

**CIP – Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
342.57(497.4)”2007”(047.034.44)
061.2(497.4)”2007”(047.034.44)
ОПШТЕСТВЕНАТА одговорност на граѓаните / [автори Сашо Клековски... и др. ]. – Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2009. – 1 електронски оптички диск (ЦД-РОМ) ; 12 см.
Системски побарувања не се наведени. – Автори: Сашо Клековски, Александар Кржаловски, Сунчица Саздовска, Гонце Јаковлеска, Миодраг Колиќ, Даниела Стојанова
ISBN 978-9989-102-84-4
1. Клековски, Сашо [автор]
а) Граѓанска партиципација – Македонија – 2009 – Извештаи – CD-а
б) Невладини организации – Македонија – 2009 – Извештаи – CD-а
COBISS.MK-ID 78314250
Copyright © 2008 Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Скопје. Сите права се задржани.

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Copyright © 2009 Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Скопје. Сите права се задржани.

# ПРЕДГОВОР

Македонскиот центар за меѓународна соработка по трет пат ја истражуваше општествената одговорност на граѓаните. Во 2006 г. општествената одговорност беше истражувана заедно со довербата, додека во 2007 г. и 2008 г., т.е. 2009 г., беа направени посебни истражувања. Извештајот е подобрен врз основа на претходните искуства, но и согласно потребите на Цивикус - Индексот на граѓанското општество, кој повторно МЦМС го спроведува во 2009 г. Поголемите промени се вклучувањето на одговорноста кон животната средина, нивото на социјализација и ставовите за животот, но и во дел од прашањата во другите делови на општествена одговорност.

Се употребуваат индекси за ставовите и навиките на граѓаните по одредени прашања со што се олеснуваат анализите на трендовите. Со вклучувањето нови прашања, периодичното повторување на истражувањето, но и неговото објавување по делови, сметаме дека ја подобривме употребливоста на извештајот.

Се надеваме дека граѓанските организации, но и државниот и деловниот сектор ќе ги употребат наодите и заклучоците за општествената одговорност на граѓаните при планирањето активности од нивниот делокруг.

Сашо Клековски, прв извршен директор

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** .......... 3

**СОДРЖИНА** .......... 4

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** .......... 5

**ИНДЕКСИ** .......... 7

**ВОВЕД** .......... 8
- Позадина .......... 8
- Термини и дефиниции .......... 8
- Индекси .......... 9
- Методологија и пристап .......... 10

**I ОДГОВОРНОСТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА** .......... 12
- I 1. Граѓанска припадност .......... 12
- I 2. Одговорност за општествените прашања и алтруизам .......... 13
- I 3. Начини на решавање на општествените потреби .......... 14
- I 4. Учество на граѓаните .......... 14
- Заклучоци .......... 15

**II ЈАВЕН ДУХ** .......... 17
- Заклучок .......... 18

**III ОДГОВОРНОСТ КОН ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** .......... 19
- Заклучоци .......... 22

**IV НИВО НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА** .......... 23
- Заклучоци .......... 25

**V УЧЕСТВО ВО НЕПАРТИСКИ ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ** .......... 26
- Заклучок .......... 27

**VI ДОБРОВОЛНА АКТИВНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА** .......... 28
- Заклучоци .......... 29

**VII УЧЕСТВО И АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** .......... 31
- VII 1. Членување на граѓаните во организациите на граѓанското општество .......... 31
- VII 2. Начин на вклученост .......... 32
- VII 3. Мотивација за вклученост .......... 34
- Заклучоци .......... 34

**VIII ДОБРОТВОРНИ ПРИЛОЗИ** .......... 36
- VIII 1. Учество и мотивација .......... 36
- VIII 1.2. Мотивација .......... 36
- Заклучоци .......... 38
- VIII 2. Цели и механизми на добротворните прилози .......... 38
- Заклучоци .......... 44
- VIII 3. Транспарентност .......... 45
- Заклучоци .......... 47

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Извештајот **„Општествената одговорност на граѓаните“** доаѓа како резултат на потребата да се провери одговорноста на граѓаните во поширока смисла. Извештајот овозможува увид во ставовите на граѓаните за одговорноста за битните општествени прашања, за нивната (на граѓаните) законска, морална или идеолошка одговорност кон заедницата и пошироко кон општеството. Исто така преку повеќе показатели се согледуваат и навиките и постапките на граѓаните во однос на некои прашања. Во извештајот се дава и преглед на ставовите, мотивацијата, состојбата и механизмите за добротворното дарување.

Големиот број варијабли овозможува да се види како ставовите и изјавите содејствуваат со социјалните показатели, етничката и религиозната припадност или регионот на живеење. Ова овозможува да се создаде профилот на граѓанинот за конкретното прашање што понатаму ја олеснува анализата. Во извештајот ќе сретнете неколку такви профили. За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба, воспоставени се и индекси, кои покажуваат став на граѓаните кон одредено прашање. Анкетирањето на репрезентативен примерок преку интервјуа лице в лице е избрано како погодна методологија за проверка на општествената одговорност на граѓаните.

Прашањето за чувство на припадност најпрво кон државата или кон друга (етничка) група е показател на развојот на општествената и на политичката култура. **Мнозинството граѓани** (61,1 %) **најпрво се чувствуваат како македонски државјани/граѓани**.

Ставовите во однос на одговорноста за општествените прашања не се променети од 2007 г. За граѓаните државата сè уште е најодговорна за решавањето на општествените потреби, зголемена е вербата во солидарноста, а новиот развој и барањето одговорност од државата се сметаат за решение на општествените проблеми. Сепак раст има во свеста на граѓаните за сопствената граѓанска одговорност и потребата од нивно учество (партиципација), а зголемен е и јазот во перцепцијата на одговорноста, одејќи од општите кон конкретните ставови.

Мнозинство од граѓаните (51,9 %) сè уште ја доживуваат **државата како најодговорна** во решавањето на општествените потреби. Високите очекувања кон државата, со пониски очекувања од самите граѓани (6,9 %) и скоро отсуство на очекувања од деловниот сектор (1,6 %), оди во прилог на етатистичката култура, како остаток на државниот социјализам, односно мала јавна поддршка на устројување на Македонија како либерално-демократски уставен систем. **Вербата во солидарноста на граѓаните е зголемена** на 49,3 % од 39,3 % во 2007 г. и од 26,4 % во 2004 г. Но сè уште мнозинството граѓани смета дека луѓето се себични. Мнозинство граѓани (64,3%) сметаат дека нов развој, вработување и оспособување на граѓаните се решение за проблемите. Ваквите ставови на јавноста се стабилни и може да бидат поддржувачки за поголемо внимание на новиот развој наспроти социјалната помош.

**Зголемени се и јазовите меѓу изјавите за граѓанска одговорност и реалноста, освен во делот на јавниот дух.** Во просек, параметрите за граѓанска одговорност се зголемени за 15 процентни поени (од 51,1 % на 66,2 %), додека во конкретните показатели за истите работи за околу 10 процентни поени (од 37,8 % на 48,1 %). Големи се јазовите меѓу ставовите за одговорноста и реалното учество во политички непартиски активности (62,8 % и 25,3 %), вклученоста во граѓанските организации (59,6 % и 26,1 %), вклученоста во волонтерска активност во заедницата (57,1 % и 27,4 %). Кај добротворното давање исто така има голем јаз, иако во обратна насока (помало чувство за одговорност, наспроти изјавено учество во добротворно давање).

**Јавниот дух е во пораст** во однос на 2007 г., како и во однос на претходното истражување во 2004 г. така што Македонија се поместува кон умерен степен на јавен дух.

**Само еден од пет граѓани чувствува одговорност за зачувување на животната средина.** Од друга страна **поддршката за мерките за заштита на животната средина е висока** (на пр. забрана на работата на фабриките-загадувачи додека не ги исполнат еколошките стандарди или пак да се подигнат стандардите за градба заради заштеда на енергија и сл.). Најголем дел од испитаниците сметаат дека задолжителното селектирање на ѓубрето од домаќинствата заради рециклирање е оправдано, а мнозинство граѓани ги оправдуваат и забраната на употреба на пластичните ќеси и нивната замена со хартиени и платнени и строгите казни за фрлање ѓубре на места кои не се определени за тоа. Но, малцинство граѓани го оправдуваат плаќањето кауција за амбалажа која ја загадува животната средина. Мнозинството граѓани не го оправдуваат ловот на дивите животни.

**Граѓаните најчесто се дружат со членовите на потесното/поширокото семејство и пријателите**. Една четвртина од граѓаните воопшто не се дружат со своите колеги од работа или истата струка надвор од работното време, а повеќе од половината воопшто не посетуваат организирани форми на дружење (спортски клубови и сл.). Половина од граѓаните ги посетуваат црквите, џамиите и другите верски храмови неколку пати во годината.

Во 2009 г. се јавува **зголемување на учеството во непартиските политички активности** (протести, демонстрации, петиции, бојкоти и сл.) на граѓаните. Исто така има и релативно голем потенцијал (околу 30 %) за зголемен активизам на граѓаните (оние кои не учествувале досега, но би го направиле тоа).

Интересот за доброволна (волонтерска) активност во заедниците е мал, а не постои и континуитет во волонтерските активности. **Граѓаните немаат изградени навики и свест за да направат нешто повеќе** (вон семејството и лично за себе) **за заедницата и за сограѓаните**. Повторно мажите се повеќе вклучени во волонтерските активности на заедниците.

**Вклученоста на граѓаните во граѓанските организации е мала** (24 % се членови) и нема битно поместување во однос на претходните истражувања. Членувањето и во другите форми на здружување во граѓанското општество (цркви и верски заедници и синдикати) е слично, додека **членството во политичките партии е доста повисоко** и изнесува 41,6 %. Што се однесува до доброволната работа, само 10 % од граѓаните ја практикуваат во граѓанските организации. Тие се мотивирани главно од алтруистички причини.

**Бројот на луѓето што даруваат пораснал** од 64,6 % минатата, на 70,9 % оваа година, сепак сѐ уште е помал од бројот на оние кои дарувале во 2006 г. (75,5 %). Главниот мотив за дарување е солидарноста, а првиот приоритет за дарување е социјалната грижа или хуманитарните цели. Оваа година општинското и националното ниво се повисоко на листата на приоритетни нивоа за дарување. Граѓаните најчесто даруваат пари, а вообичаената сума е од 100 до 500 денари. Најмногу сакаат да даруваат директно и на рака. Најчестите причини за одбегнувањето на посредниците се желбата да се види кому му се дава помошта (39,5 %) и потребата да се избегне злоупотреба (27,6 %). Најголем број граѓани (32,5 %) за добротворните акции се информираат директно од корисниците, а електронските медиуми се на второто место (27,1 %). Перцепцијата за наменската употреба на средствата сѐ уште е поделена. Вкупно 55,7 % од испитаниците сметаат дека собраните прилози се употребуваат наменски.

# ИНДЕКСИ

| Одговорност за решавање на општествените прашања | | |
|---|---|---|
| Државата | 51,9 | ↔ |
| Деловниот сектор | 1,6 | ↔ |
| Граѓаните | 6,9 | ↔ |
| Државата, деловниот (приватниот) сектор и граѓаните | 33,8 | ↔ |
| **Општествена одговорност на граѓаните** | | |
| Ги почитуваат законите/ законските обврски | 92,1 | ↑ |
| Учествуваат во политички непартиски активности | 62,8 | ↑↑↑ |
| Учествуваат волонтерски во активности на заедницата | 57,1 | ↑↑↑ |
| Учествуваат во активностите на организациите на граѓанското општество | 59,6 | ↑↑↑ |
| Добротворно да даруваат (даваат добротворни прилози) | 59,1 | ↑↑ |
| Да ја зачуваат животната средина | 21,3 | - |
| Индекс на општествената одговорност на граѓаните | 58,6 | ↑↑ |
| **Солидарност на граѓаните** | | |
| Луѓето се солидарни и спремни да им помогнат на луѓето и групите кои имаат потреба од тоа | 49,3 | ↑↑ |
| **Јавен дух** | | |
| Не е оправдано да се бараат повластици од Владата за кои се нема право | 85,4 | - |
| Не е оправдано да се избегнува да се плати јавен превоз | 92,3 | - |
| Не е оправдано да се мами за данок, ако има шанса за тоа | 92,2 | - |
| Не е оправдано да не се плаќаат комуналните услуги | 91,2 | - |
| Не е оправдано да се прими или даде мито за работа што е обврска | 92,8 | - |
| Индекс на јавен дух | 90,8 | - |
| **Учество на граѓаните во политички непартиски активности последните 5 г.** | | |
| Потпишано петиција | 31,7 | - |
| Учество во протест ( демонстрација, митинг) | 40,4 | - |
| Учество во бојкот | 16,7 | - |
| Граѓански дневник | 12,3 | - |
| Индекс на учество на граѓаните во политички непартиски активности | 25,3 | - |
| **Доброволна активност во заедницата** | | |
| Индекс на учество во доброволна акција во заедницата | 27,4 | - |
| **Учество во организација на граѓанското општество** | | |
| Индекс на вклученост во цркви и верски заедници, синдикати и граѓански организации | 26,1 | - |
| Индекс на вклученост во граѓански организации | 23,9 | - |
| **Добротворно давање** | | |
| Индекс на добротворно давање | 70,9 | (↑↑) |

**Легенда**

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или со незначителни промени | Без или со незначителни промени = 0 – 3 процентни поени<br>Мали = 3,01 – 5 процентни поени<br>Умерени = 5,01 –10 процентни поени<br>Големи = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

# ВОВЕД

## Позадина

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата **„Општествената одговорност на граѓаните“** која беше спроведена на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија. Цел на истражувањето беше да се испита граѓанската одговорност за општествените прашања во Македонија.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) му ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања (ИСППИ), чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата. Ова истражување се спроведува по трет пат. Првото истражување е спроведено во април 2006 г. и објавено во публикацијата „Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија“. Второто истражување беше направено во декември 2008 г. и објавено еден месец подоцна во публикацијата „Општествената одговорност на граѓаните“.

## Термини и дефиниции

Општествената одговорност може да биде законска, етичка, морална или заснована на вера или убедување (идеолошко). Истата може да се однесува на владата (добро владеење), на претпријатијата (социјална или општествена одговорност на претпријатијата) или на граѓанинот (граѓанска одговорност). Ова истражување се однесува на општествената одговорност на граѓаните во поширока смисла. Таа се состои од два елементи, и тоа јавниот дух и граѓанската одговорност или граѓанското учество (Цивикус, 2004).

**Јавниот дух** е показател на поддршката на граѓаните на владеење на правото (примена на законите). Јавниот дух се мери преку поддршката на плаќање данок, јавен превоз, комунални услуги, непримање и недавање мито и небарање повластици од Владата за кои не постои право.

Општествената одговорност на граѓаните во потесна смисла е **граѓанската одговорност или граѓанското учество**. Таа не е законска обврска, туку етичка, морална или обврска заснована на убедување. Таа се мери преку непартиски политички активности, волонтерски активности во заедницата, учество во граѓански организации, согласност и оправдување на мерки за зачувување на животната средина и добротворни прилози.

*Непартиските политички активности* се однесуваат на активности како пишување писма до весници, потпишување петиции или учество на протести, кои не се организирани од политички партии.

Во Македонија, исто така, сè уште нема разграничување и на термините филантропија и добротворство, или пак во употребата на различни термини во македонскиот јазик, како што се добротворство, доброчинство и добродетелство. Во овој извештај фокусот е на *добротворните прилози* како доброволен акт на донирање пари или добра.

*Волонтерската активност* се однесува на доброволно давање лични услуги, знаења и вештини и или вршење други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок (Закон за волонтерството на Република Македонија). Под заедница се подразбира група луѓе кои живеат во определена локална област, на пример општина, месна заедница, куќен совет и сл.

*Учество (вклученост) во организација на граѓанско општество и политички партии* подразбира членување (вкл. плаќање членарина); доброволна работа (без надоместок); учество во активности; донирање пари.

Оваа година се истражуваа и две нови категории: ниво на социјализација и одговорност кон животната средина.

*Социјализацијата* е тесно поврзана со општествената одговорност, бидејќи преку неа граѓаните стекнуваат значаен дел од своите вештини, знаења, мотиви и ставови потребни за извршување на сегашните и идните улоги во општеството.

*Одговорноста кон животната средина* подразбира чувство за одговорност на самите граѓани да ја зачуваат животната средина, како и давање согласност и оправдување за одредени мерки за заштита на различни сегменти на животната средина.

## Индекси

За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба, воспоставени се индекси (показатели), кои покажуваат став на граѓаните кон одредено прашање. Во одредени случаи индексите се едноставни и се поврзани со еден став. Пример индексот за солидарност е уделот на одговори дека луѓето се солидарни и спремни да им помогнат на луѓето и групите кои имаат потреба од тоа. Други индекси се комплексни и се средни вредности од сума на одговори на повеќе прашања. Подолу се дадени објаснувањата за дел од индексите, додека другите се самообјасниви.

*Индексот на граѓанска одговорност* ги опфаќа одговорите на граѓаните дека имаат одговорност да ги почитуваат законите, да учествуваат во непартиски политички активности, во доброволните активности на заедницата, во организациите на граѓанското општество, да даваат добротворни прилози и да ја зачувуваат животната средина

*Индексот на јавниот дух* ги опфаќа ставовите на граѓаните дека не е оправдано да се бараат повластици од владата за кои се нема право, да се избегнува да се платат комуналните услуги и јавниот превоз, да се прими или даде мито, како и да се мами за данок ако се има шанса за тоа.

*Индексот на учество на граѓаните во политички непартиски активности* го опфаќа нивното учество во протести и демонстрации, потпишување петиција, придружување кон бојкот или користење на граѓанскиот дневник.

*Индексот на волонтерската активност во заедницата* го одразува учеството на граѓаните во активностите за доброто на заедницата во смисла на состаноци, акции и сл.

*Индексот на вклученост во организација на граѓанското општество* означува колку граѓани се активни или неактивни членови во граѓанските организации, верските заедници или синдикатите.

*Индексот на добротворно давање* укажува дали и колку граѓаните даруваат во добротворни цели (во пари, во добра или добротворна работа).

*Индексот на одговорност кон животната средина* се однесува на ставот на граѓаните колку тие се одговорни за зачувување на животната средина.

## Индекси на општествената одговорност

| Индекс на | Опис |
|---|---|
| **Општествена одговорност** | = Σ имаат одговорност |
| **Солидарност** | = повеќето луѓе се солидарни и спремни да им помогнат на луѓето и групите кои имаат потреба од тоа |
| **Јавен дух** | = Σ никогаш не е оправдано |
| **Учество во непартиски политички активности** | = Σ учествувал последните 5 години/број на типови активности |
| **Волонтерска активност во заедницата** | = учествува во доброволни активности |
| **Вклученост во организација на граѓанското општество** | = Σ активен и неактивен член/број на облици на граѓанско здружување |
| **Добротворно давање** | = Σ дарувал во последните 12 месеци |
| **Одговорност кон животната средина** | = има одговорност |

# Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со усна анкета во домаќинствата во март 2009 г. на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници.

## Прашалник

Прашалниците за анкетата се оние употребени во претходните две истражувања, изменети врз основа на искуствата од нив и со вклучување на прашањата од истражувачката методологија на Цивикус - Индексот на граѓанското општество на Македонија кои се однесуваат на нивото на социјализација. Прашањата се подготвени од авторите и од проектниот тим на МЦМС, во соработка со експерти од ИСППИ. За исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните варијабли:

- Јавен дух (почитување на законската обврска на граѓаните);
- Ниво на социјализација;
- Учество на граѓаните во политички непартиски активности на граѓаните;
- Волонтерска активност на граѓаните во заедницата;
- Учество и активирањето на граѓаните во организациите на граѓанското општество и во политичките партии;
- Добротворно давање на граѓаните;
- Одговорност кон животната средина;
- Социо-демографски карактеристики.

## Примерок

Анкетата беше спроведена во март 2009 г. на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Исто така се внимаваше на изборот на испитаници и по други критериуми, како што се образованието, религиската припадност и сл.

Од 1.600 испитаници, 49,6 % беа жени, а 50,4 % мажи, во однос на етничката застапеност 63,8 % од испитаниците беа Македонци, а 24,1 % Албанци, додека другите етнички групи беа застапени со 12,1 %. Во однос на местото на живеење, руралната популација беше застапена со 41,2 %, додека градската со 58,8 % (градот Скопје со 21,3%).

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка +/- 5 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Покрај графиконите податоците се

прикажани и во бројки. Исто така се прикажани покрај бројките и трендовите во однос на претходното истражување спроведено во декември 2007 г., за оние податоци кои се споредливи со нив. Легендата на симболите за трендовите е во извршното резиме. Во извршното резиме се предадени некои од побитните податоци и нивниот тренд. Исто така за подобрување на анализата на податоците се употребени одредени индекси.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 %, и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

## Работна група

МЦМС вклучи неколку свои соработници во сите фази на истражувањето: Сашо Клековски, Александар Кржаловски, Гонце Јаковлеска, Сунчица Саздовска, Даниела Стојанова и Миодраг Колиќ.

Во тимот од ИСППИ беа вклучени Климе Бабунски, Анета Јовевска, Петар Атанасов и Емилија Симовска.

# I ОДГОВОРНОСТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА

Воведот во истражувањето на општествената одговорност на граѓаните е истражување на чувството на граѓанство и на ставовите на граѓаните за распределба на одговорноста меѓу државата, деловниот и граѓанскиот сектор, за тоа што е одговорност на граѓаните, за алтруизмот и како може да се решат општествените потреби и кои се ставовите за начините на учество на граѓаните. Во ова истражување за првпат е вклучена и одговорноста за зачувување на животната средина.

## I 1. Граѓанска припадност

Прашањето за чувство на припадност најпрво кон државата или друга (етничка) група е показател на развојот на општествената и на политичката култура.

**Графикон I 1. 1. Чувство на припадност најпрво кон државата или кон сопствената етничка група**




Чувството на припадност најпрво кон државата (македонски државјанин/граѓанин) го имаат 61,1 % од граѓаните, а на припадност најпрво кон сопствената етничка група го имаат 36,2 % од граѓаните. Чувството на припадност е јасно поврзано со етничкиот идентитет, но и со социо–економските фактори, а помалку со полот. Интересно е дека нема разлики по партиска припадност. Етничките Македонци, како и другите помалобројни етнички заедници имаат појако чувство на македонски државјани/граѓани, односно кај етничките Македонци најпрво како македонски граѓани се чувствуваат 80 %, а најпрво како припадници на сопствената етничка група се чувствуваат 17,5 %. Кај етничките Албанци најпрво како македонски граѓани се чувствуваат 10,6 %, а најпрво како припадници на сопствената етничка група се чувствуваат 86,5 %. Образованието и месечните примања влијаат на чувствата, односно чувството на припадност најпрво кон државата (македонски државјанин/граѓанин) расте со образованието (кај граѓаните со високо образование изнесува 66,2 %) и со висината на месечните примања. Жените повеќе се чувствуваат најпрво како македонски граѓанки.

# I 2. Одговорност за општествените прашања и алтруизам

Истражуван е ставот за распределба на одговорноста за решавање на општествените потреби меѓу трите сектора: државата, деловниот и граѓанскиот сектор.

Највисоки очекувања има кон државата (51,9 %), веднаш потоа се очекувањата за заедничка одговорност на трите сектори (33,8 %), пониски кон самите граѓани (6,9 %) или кон претпријатијата (1,6%). Ставовите се непроменети во однос на претходните истражувања.

**Графикон I 2.1. Кој е најодговорен за поддршка на граѓаните во решавањето на нивните општествени потреби?**




Профилот на поддржувачи на одговорноста на различни актери е релативно хомоген. Повисоки очекувања од државата има кај етничките Албанци (61,1 %) и кај граѓаните со незавршено основно образование (65,5 %). Очекувањата за одговорноста на државата опаѓа со висината на месечните примања од 61,8 % на 41,8 %, од најниските кон највисоките примања и обратно, растат очекувањата за заедничка одговорност и одговорност на граѓаните. Овој тренд е забележан и во истражувањето во 2007 г.

**Графикон I. 2.2. Став за алтруизмот (несебична поддршка) на луѓето**




Луѓето се грижат само за себе и не се заинтересирани за другите, за заедницата и за државата е ставот на мнозинство граѓани (50,7 %). Со намалувањето на граѓаните кои немаат став, зголемен е бројот на граѓани кои веруваат во солидарноста на луѓето (49,3 %).

И во ставовите за солидарноста на луѓето има висока хомогеност, со многу мали разлики. Вербата во солидарност расте со возраста од 45,7 % кај младите до 55,9 % кај возрасните граѓани над 65 години. Поголема верба во солидарност имаат граѓаните во руралните заедници (52,7 %), наспроти граѓаните на Скопје (40,6 %). Социо-економскиот

статус влијае на вербата во солидарноста: расте од пониските класи (34,7 %), кон повисоките (56,1 %), како и од оние со незавршено основно образование, кон оние со високо образование. Овој тренд е забележан и во истражувањето во 2007 година.

## I 3. Начини на решавање на општествените потреби

Граѓаните се прашани за ставовите како може да се решаваат општествените потреби.

**Графикон I 3.1. Општествените потреби може да се решат со:**




Нов развој, вработување и оспособување на граѓаните е начин на решавање на општествените потреби за мнозинството граѓани (64,3 %). Барање одговорност од државата и влијание на јавните политики е решение за 19 % граѓани, а социјално-хуманитарната помош е решение за 16,8 % граѓани.

Ставовите се хомогени и разлики во ставовите се јавуваат само во образовното ниво. Во социјално-хуманитарната помош повеќе веруваат оние со незавршено основно образование (44,8 %), отколку оние со високо образование (12,3 %). Граѓаните со високо образование, како и повисоките класи, повеќе веруваат во нов развој и барање одговорност од државата. Овој тренд е забележан и во истражувањето во 2007 година.

## I 4. Учество на граѓаните

**Графикон 4.1. Граѓаните имаат одговорност:**



Највисока одговорност за граѓаните е да ги почитуваат законите (92,1 %). Граѓаните чувствуваат зголемена одговорност за сите прашања во однос на истражувањето од 2007 година. Најниска одговорност граѓаните чувствуваат за зачувување на животната средина (21,3 %).

Постои релативна хомогеност во однос на демографските и социо-економските карактеристики, со мали разлики. Повисока одговорност за политички непартиски активности имаат граѓаните со високо образование (68,4 %), а слично е и со другите ставови за одговорност. Етничките Албанци и граѓаните со исламска вероисповед чувствуваат поголема одговорност за волонтерски активности и добротворно дарување.

Одговорноста за зачувување на животната средина е повисока кај највозрасните (28,2 %), а пониска кај граѓаните со најниски и највисоки примања.

## Заклучоци

### 1. Мнозинството граѓани најпрво се чувствуваат како македонски државјани/граѓани

Чувството на припадност најпрво кон државата (македонски државјанин/граѓанин) го имаат 61,1 % од граѓаните, а на припадност најпрво кон сопствената етничка група го имаат 36,2 % од граѓаните. Припадноста најпрво кон државата е појака кај етничките Македонци и помалобројните етнички заедници, а кај етничките Албанци е појако чувството на припадност најпрво кон сопствената етничка група.

### 2. Државата сѐ уште е најодговорна за решавањето на општествените потреби

Мнозинството граѓани (51,9 %) сметаат дека државата е најодговорна за решавањето на општествените потреби. Очекувањата од државата се на минатогодишното ниво.

Профилот на поддржувачи на одговорноста на различни актери е релативно хомоген. Повисоки очекувања од државата има кај етничките Албанци (61,1 %) и кај граѓаните со незавршено основно образование (65,5 %). Очекувањата за одговорноста на државата опаѓа со висината на месечните примања од 61,8 % на 41,8 % од најниските кон највисоките примања и обратно, растат очекувањата за заедничка одговорност и одговорност на граѓаните.

### 3. Поврзаност на чувството на припадност, очекувањата од државата, етничките и социоекономските карактеристики

Поголемото чувство на припадност најпрво кон сопствената етничка група кај етничките Албанци може да е поврзано со нивните поголеми очекувања од државата и социјалната и економската состојба. Може да се претпостави дека јакнењето на чувството на припадност кон државата е поврзано со исполнување на очекувањата, пред сѐ во социо-економската сфера.

### 4. Доминантна етатистичка политичка култура

Високите очекувања кон државата, со пониски очекувања од самите граѓани и скоро отсуство на очекувања од деловниот сектор, оди во прилог на етатистичката култура, како остаток на државниот социјализам, односно мала јавна поддршка на устројување на Македонија како либерално-демократски уставен систем. Малата поддршка за поинакво устројување на Македонија е одразена и во отсуството на идеолошки разлики во однос на улогата на државата, граѓаните и приватниот сектор, меѓу симпатизерите на политичката десница и левицата во Македонија. Ова е без промена во однос на истражувањата од 2004 година и од 2007 година.

### 5. Зголемена верба во солидарноста на луѓето

Вербата во солидарноста на граѓаните е зголемена на 49,3 % од 39,3 % во 2007 година и од 26,4 % во 2004 година. Но, сè уште мнозинството граѓани верува во себичноста на луѓето.

### 6. Нов развој и барање одговорност од државата – решение на општествените проблеми

За тоа дека нов развој, вработување и оспособување на граѓаните се решение за проблемите, постои висока согласност. Ваквите ставови на јавноста се стабилни и може да бидат поддржувачки за поголемо внимание на новиот развој наспроти социјалната помош.

### 7. Расте перцепцијата за сопствената граѓанска одговорност и за учество

Расте свеста за сопствената граѓанска одговорност и за учество (партиципација), иако сè уште доминираат очекувањата од државата. Среден или значаен пораст имаат ставовите за одговорност во учество во непартиски политички активности, активности на организации на граѓанското општество, добротворно дарување и волонтерски активности во заедницата.

### 8. Граѓаните неодговорни за зачувување на животната средина?

Големо мнозинство од 78,7 % граѓани не чувствуваат одговорност за зачувување на животната средина.

### 9. Зголемени јазовите меѓу ставовите за граѓанската одговорност и реалното учество на граѓаните во активности во кои се демонстрира таа одговорност

Зголемени се јазовите меѓу изјавите за граѓанска одговорност и реалноста, освен во делот на јавниот дух.

Иако има подобрувања на двете страни - и во перцепцијата за сопствена граѓанска одговорност (види го заклучокот бр. 7) и во известеното учество во непартиски политички активности, вклученост во организациите на граѓанското општество, во волонтерски активности во заедницата, како и во исполнувањето на општествените обврски (плаќање данок, јавен превоз, комунални услуги), заради поголемиот напредок во чувството на одговорност за овие прашања, јазовите се зголемени.

Во просек, параметрите за граѓанска одговорност се зголемени за 15 процентни поени (од 51,1 % на 66,2 %), додека во конкретни показатели за истите работи за околу 10 процентни поени (од 37,8 % на 48,1 %).

**Табела I. 1. Јаз меѓу ставовите и реалноста за граѓанската одговорност и учеството**

| | Одговорност за | Показател |
|---|---|---|
| **Јавен дух** | 92,1 % | 90,8 % |
| **Учество во непартиски политички активности** | 62,8 % | 25,3 % |
| **Вклученост во организациите на граѓанското општество** | 59,6 % | 26,1 % |
| **Доброволна активност во заедницата** | 57,1 % | 27,4 % |
| **Добротворно давање** | 59,1 % | 70,9 % |

Големи се јазовите меѓу ставовите за одговорноста и реалното учество во политички непартиски активности (62,8 % и 25,3 %), вклученоста во граѓанските организации (59,6 % и 26,1 %) и вклученоста во доброволна активност во заедницата (57,1 % и 27,4 %).

Големо приближување (речиси изедначување) постои само кај јавниот дух (92,1 % и 90,8 %), односно покрај малку зголеменото чувство на одговорност за почитување на законите (јавен дух), има големо подобрување и во конкретното исполнување на дел од тие обврски (од 74,2 % на 90,8 %). Секако и двата показатели се на ниво на изјави, кои во реалноста се веројатно доста помали, но тука не се истражувани/проверувани.

Кај добротворното давање исто така има голем јаз, иако во обратна насока (помало чувство за одговорност, наспроти изјавено учество во добротворно давање).

# II ЈАВЕН ДУХ

Поддршката на владеењето на правото или на јавниот дух е истражувана преку пет прашања.

**Графикон II 1. Оправданост на барањето бенефиции за кои се нема право, неплаќање на комуналните услуги, мамењето за данок, избегнувањето да се плати јавниот превоз и да се даде/ прими мито**




Постои поддршка на големо мнозинство граѓани за плаќање данок (92,2 %), комунални услуги (91,2 %), јавен превоз (92,3 %), како и недавање/ примање мито (92,8 %). Помала е поддршката на ставот да не се бараат бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право (85,4 %).

Јавниот дух е во пораст во однос на 2007 година, како и претходното истражување во 2004 година. Поддршката за плаќање данок е зголемена на 92,2 % од 80,8 % во 2007 година. Слично е со комуналните услуги и јавниот превоз за кои поддршката во 2007 година изнесувала 78,4 %, односно 79,9 %. Зголемен е бројот и на оние кои сметаат дека не е оправдано да се бараат бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право на 85,4 %, од 57,8 % во 2007 година. Ставовите за мито се мерат за првпат.

Јавниот дух, односно поддршката е хомогена. Малку помала поддршка на ставот за небарање бенефиции има кај граѓаните во руралните подрачја (80,9 %) и кај оние со најниски примања (79,4 %). Слично е и кај поддршка за плаќање комунални услуги (86,8 %) и јавен превоз (88,2 %), карактеристично за оние со најниски примања.

Еден дел од одговорите имаат поддршка и во реалноста. Бројот на поднесени годишни пријави за данок од персонален приход е зголемен од околу 30.000 пријави за 2006 г., на над 100.000 пријави за 2008 г. Од друга страна, во друго истражување во 2008 г. околу 71 % од граѓаните одговориле дека редовно ги плаќаат сметките за вода, што укажува на значаен дел на граѓани кои не оправдуваат неплаќање, иако и самите не плаќаат редовно или воопшто.

# Заклучок

## 1. Поместување кон умерен степен на јавен дух во Македонија

Во 2007 г. Македонија имаше низок кон умерен степен на јавен дух, поради оправдувањето на неплаќање данок, јавен превоз, комунални услуги и барање бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право. Во 2009 година Македонија се поместува кон умерен степен на јавен дух.

Критичка точка сѐ уште е оправдувањето на барање бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право.

# III ОДГОВОРНОСТ КОН ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Општествената одговорност на граѓаните, покрај другите аспекти, ги опфаќа и законската и моралната одговорност на граѓаните кон животната средина. Оваа одговорност беше за првпат мерена во ова истражување преку десетина прашања за нивните ставови за заштита и зачувување на животната средина.

Граѓаните, за разлика од согласноста која ја даваат за нивната одговорност за почитување на законите или учеството во активности и организации, во големо мнозинство (78,6 %) не се согласуваат дека тие имаат одговорност за зачувување на животната средина.

**Графикон III 1. Одговорност на граѓаните за зачувување на животната средина**




Одговорноста на граѓаните за зачувување на животната средина беше мерена преку девет прашања за стандарди за заштита на животната средина, мерки за заштита на воздухот и природата, како и за управување со цврстиот отпад.

За разлика од ниската согласност за нивната одговорност за животната средина, граѓаните сега даваат висока согласност и ги оправдуваат сите мерки и активности за кои беа прашани.

Највисока согласност граѓаните имаат за обезбедување делумна поддршка од страна на Владата за примена на повисоки стандарди (93,7 %), како и за подигнувањето на стандардите за градба заради заштеда на енергијата (93,5 %).

Додека не ги исполнат еколошките стандарди, забраната за работата на фабриките-загадувачи исто така има висока согласност (80,7 %).

**Графикон III 2. Согласност за воведување или зголемување стандарди за заштита на животната средина**



За конкретни мерки за **заштита на воздухот од загадување**, како што е исклучувањето на патничките возила кои не ги исполнуваат еколошките стандарди, **согласност дале 71,9 % од граѓаните**.

**Графикон III 3. Согласност за одредување рок за исклучување на патничките возила кои не ги исполнуваат еколошките стандарди за издувни гасови**




Профилот на граѓаните кои се согласуваат со воведување или зголемување на стандардите за заштита на животната средина е релативно хомоген, особено кога се работи за обезбедувањето делумна поддршка од Владата за примена на еколошки стандарди и подигнувањето на стандардите за градба. Сепак, нивото на образование и регионот имаат умерено влијание врз ставовите. Така за воведување рок за исклучување на патничките возила кои не ги исполнуваат еколошките стандарди се изјасниле 78,2 % од граѓаните со вишо и високо образование, а 63,5 % од оние со завршено основно образование.

Со забраната за работата на фабриките кои загадуваат најмногу се согласуваат граѓаните со средно и со високо образование (88,8 % односно 81,1 %), за разлика од граѓаните со незавршено основно и со основно образование (65,5 % односно 69 %).

**Табела III 1. Влијание на нивото на образованието врз согласноста за одредени мерки за заштита на животната средина**

| Образование / Став | Незавршено основно | Основно | Средно | Вишо и високо |
|---|---|---|---|---|
| Исклучување на патничките возила | 69,0 % | 63,5 % | 71,7 % | 78,2 % |
| Забрана на работата на фабриките кои загадуваат | 65,5 % | 69,0 % | 81,1 % | 88,8 % |

Регионот во кој живеат граѓаните има поголемо влијание кога се работи за исклучувањето на патничките возила и на забраната на работата на фабриките кои загадуваат. На пример, највисока согласност за забрана за работата на фабриките-загадувачи даваат граѓаните од вардарскиот регион (96,2 %), додека најмала согласност даваат граѓаните од источниот регион (53,2 %).

Граѓаните беа прашани и за конкретни мерки и активности кои се однесуваат на управување со цврстиот отпад, како што се: задолжителното селектирање на ѓубрето од домаќинствата заради негово рециклирање, строгите/високите казни за фрлање ѓубре на места кои не се определени за тоа, забраната на употреба на пластични ќеси и нивна замена со платнени и хартиени и плаќањето кауција за амбалажа.

Најоправдано (75,9 %) за граѓаните е задолжителното селектирање на отпадот, а најмалку оправдано (41,5 %) плаќањето кауција за амбалажа (пластични шишиња, лименки и сл.).

**Графикон III 4. Оправданост на мерките за заштита на животната средина од загадување со цврст отпад**




Полот, етничката структура, религиозната припадност, како и повеќето други социодемографски карактеристики немаат влијание врз ставовите на граѓаните. Но, како и за претходните, така и за овие мерки, регионот, образованието и делумно работниот статус имаат умерено влијание врз ставовите на граѓаните.

Оние кои живеат во западните региони на земјата повеќе ги оправдуваат забраната на пластични ќеси и нивна замена со хартиени и/или платнени. Граѓаните со високо или вишо образование помалку ги оправдуваат задолжителното селектирање на ѓубрето и забраната на пластичните ќеси од оние со незавршено основно образование. Работниот статус, пак, има влијание кога се работи за забраната на пластичните ќеси и плаќањето кауција за амбалажата, и тоа меѓу студентите и земјоделците.

**Табела III 2. Влијание на работниот статус врз оправдувањето одредени мерки за заштита на животната средина**

| Работен статус | Студенти | Земјоделци | Студенти | Земјоделци |
|---|---|---|---|---|
| **Став** | **Оправдано** | | **Неоправдано** | |
| **Забрана на пластични ќеси** | 72,6 % | 37,5 % | 27,4 % | 62,5 % |
| **Плаќање кауција за амбалажа** | 56,8 % | 29,2 % | 43,2 % | 70,8 % |

Мнозинство граѓани не го оправдуваат (61,8 %) и ловот на дивите животни, кој влијае на намалувањето на биолошката разновидност.

**Графикон III 5. Оправданост на ловот на диви животни**



# Заклучоци

## 1. Еден од пет граѓани чувствува одговорност за зачувување на животната средина

Мало малцинство граѓани (21,3 %) сметаат дека се одговорни за заштита на животната средина, наспроти високата поддршка која ја даваат за мерките за заштита на животната средина. Можен заклучок е дека во овој аспект на одговорноста, граѓаните имаат високи очекувања од државата, односно од законското уредување, а мало чувство за своја лична одговорност.

## 2. Поддршка за стандардите и мерките за заштита на животната средина

Големо мнозинство граѓани се согласуваат дека треба: да се одреди рок за исклучување на патничките возила кои не ги исполнуваат стандардите за издувни гасови (71,9 %); **да се забрани работата на фабриките-загадувачи, сè додека не ги исполнат еколошките стандарди (80,7 %)**; и, да се подигнат стандардите за градба заради заштеда на енергија (93,5 %). Највисока е согласноста за обезбедувањето делумна поддршка (субвенции) од страна на Владата за примена на повисоките стандарди (93,7 %) потребни за заштита на животната средина.

Поддршката на мерките за заштита на животната средина е хомогена. Сепак, регионот и образованието имаат умерено влијание на ставовите на граѓаните.

Очекувано **најмногу се согласуваат со забраната за работата на фабриките-загадувачи граѓаните од вардарскиот регион (96,2 %).** Со забраната за работата на фабриките-загадувачи и исклучувањето на патничките возила кои не ги исполнуваат еколошките стандарди повеќе се согласуваат граѓаните со високо/вишо и средно образование, отколку оние со незавршено основно и со основно образование.

## 3. Поддршка за рециклирање и справување со цврстиот отпад

Големо мнозинство смета дека **задолжителното селектирање на ѓубрето од домаќинствата заради рециклирање е оправдано** (75,9 %).

Мнозинство граѓани ги оправдуваат забраната на употреба на пластичните ќеси и нивна замена со хартиени и платнени  и строгите казни за фрлање ѓубре на места кои не се определени за тоа (61,1 % т.е. 67,1 % респективно) и не го оправдуваат ловот на дивите животни (61,% %). Но, **малцинство граѓани (41,5 %) го оправдуваат плаќањето кауција за амбалажа** која ја загадува животната средина (на пр. пластични шишиња).

## 4. За заштита на биолошката разновидност со неоправдување на ловот на диви животни

Мнозинство од граѓаните не го оправдуваат (61,8 %) ловот на диви животни кој влијае на намалувањето на биолошката разновидност, а понекогаш и на истребување одредени видови животни.

# IV НИВО НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Општествената одговорност е тесно поврзана со социјализацијата, односно со начините на кои граѓаните стекнуваат вештини, знаења, мотиви и ставови потребни за извршување на сегашните и идните улоги во општеството. Нивото на социјализација е испитувано преку пет прашања со кои се покажува колку време граѓаните поминуваат со потесното и/или поширокото семејство, со пријателите, со колегите од работа или струката надвор од работното време, во посета на верски храмови и други форми на организирано дружење во заедницата.

Мнозинство од граѓаните најчесто се дружат со своите пријатели, со кои се сретнуваат најмалку еднаш неделно (52,1 %), како и со членови од потесното/поширокото семејство, со кои се дружат најмалку еднаш неделно (50 %).

Возраста на граѓаните има влијание врз времето поминато со најтесниот круг на познати (семејство и пријатели). Младите на возраст од 18 до 29 години почесто се во друштво на пријателите (68,6 %), отколку со потесното/поширокото семејство (57,7 %), за разлика од другите старосни групи каде што овој сооднос е скоро изедначен.

Во однос на местото на живеење, најголем е бројот на граѓаните на Скопје (58,8 %) кои со пријателите се дружат најмалку еднаш неделно, во споредба со граѓаните од руралните (52,2 %) и другите урбани средини (48,3 %).

Граѓаните се дружат со колегите од работа или од иста струка надвор од работното време најмалку еднаш неделно (25,6 %), што не се разликува многу од бројот на граѓаните кои со своите колегите се сретнуваат еднаш до два пати месечно (24,7 %) или неколку пати во годината (22,7 %). Впечатливо е дека скоро една четвртина (24,4 %) од граѓаните воопшто не се дружат со своите колеги од работа или од иста струка.

Влијание врз тоа колку време граѓаните посветуваат на дружење со колегите има возраста (помладите се почесто со колегите отколку повозрасните), степенот на образование (граѓаните со повисок степен на образование се почесто во друштво со колегите во споредба со граѓаните со понизок степен на образование) и припадноста на општествените класи (граѓаните од повисоките класи издвојуваат повеќе време за дружење со колегите отколку граѓаните од пониските класи).

Граѓаните најчесто ги посетуваат верските храмови (црква, џамија или друг храм) неколку пати во годината (48,3 %), а помал број изјавиле дека верските храмови ги посетуваат најмалку еднаш неделно (17 %), еднаш до два пати месечно (22,2 %) или дека воопшто не ги посетуваат (11,6 %).

**Графикон IV 1. Честота на поминување време со семејството, со пријателите, со колегите, во верските храмови и во организираните форми за дружење**




Граѓаните кои се изјаснуваат дека се религиозни ги посетуваат верските храмови најмалку еднаш неделно (18,5 %), еднаш до два пати во месецот (22,4 %), а најчесто неколку пати во годината (47,7 %).

Муслиманите поредовно ги посетуваат верските храмови од православните христијани. Најголем број од муслиманите (37,1 %) ги посетуваат верските храмови најмалку еднаш неделно во споредба со православните христијани (8,8 %). Еднаш до два пати во месецот верските храмови ги посетуваат 24,3 % од православните христијани и 17,1 % од муслиманите. Најмногу православните христијани (60,3 %) верските храмови ги посетуваат неколку пати во годината во споредба со муслиманите (20,5 %). Поголем е бројот на муслиманите (22,2 %) кои воопшто не ги посетиле верските храмови во однос на православните христијани (6,6 %).

Мнозинство граѓани (58,9 %) не посетуваат или не учествуваат во организирани форми на дружење, спортски и/или културни клубови. Бројот на граѓаните кои посетуваат или учествуваат во организирани форми на дружење се намалува со редовноста на посетите, неколку пати во годината (20,6%), еднаш до двапати месечно (11,3%) и најмногу еднаш неделно (8,9%).

Возраста има влијание врз честотата на посетата и учеството во организирани форми на дружење, како што се спортските и културните клубови (помладите граѓани се значително поактивни од повозрасните, притоа студентите се издвојуваат како најактивни во посета на спортските и/или културните клубови), како и припадноста на општествените класи (најчести посетители на спортските и/или културните клубови се граѓаните од повисоките класи) и степенот на образование (граѓаните со повисок степен на образование почесто посетуваат спортски и/или културни клубови во споредба со граѓаните со понизок степен на образование).

# Заклучоци

## 1. Најчесто во друштво со најблискиот круг на познати, со семејството и со пријателите

Пријателите и потесното/поширокото семејство имаат најголемо влијание во социјализацијата на граѓаните. Граѓаните најчесто најголемиот дел од времето го поминуваат со потесното/поширокото семејство и со пријателите, а значително помалку време посветуваат за социјализација надвор од најблискиот круг на познати.

Една четвртина од граѓаните воопшто не се дружат со своите колеги од работа или од иста струка надвор од работното време. Повеќе од половина од граѓаните воопшто не посетуваат организирани форми на дружење во заедницата, во спортски клубови, во рекреативни или хоби-организации, во танцови школи и слично.

## 2. Верските храмови се посетуваат само за поголемите верски празници

Црквите и верските заедници имаат мало влијание врз социјализацијата на граѓаните. Скоро половина од граѓаните најмногу ги посетуваат верските храмови (црква, џамија или друг храм) неколку пати во годината. Значително е помал бројот на граѓани кои редовно ги посетуваат верските храмови еднаш до два пати месечно или најмалку еднаш неделно.

Оттука, може да се заклучи дека најголем број од граѓаните ги посетуваат верските храмови неколку пати во годината, веројатно „традиционално“ за поголемите верски празници.

Притоа, постојат разлики во однос на верската припадност, муслиманите почесто (најмалку еднаш во неделата) ги посетуваат верските храмови во споредба со православните христијани кои ги посетуваат неколку пати во годината.

## 3. Нивото на социјализација зависи од возраста, од економската моќ и од степенот на образованието

Помладите граѓани издвојуваат најмногу време за дружење со потесното/поширокото семејство и пријателите и се најактивни во градењето на сопствениот социјален капитал преку дружење со колегите и посета на спортски и/или културни клубови во заедницата.

Граѓаните кои се изјасниле дека припаѓаат на повисоките класи и граѓаните со повисок степен на образование имаат поголеми можности, желба и свест за потребата од градење сопствен социјален капитал и за тоа издвојуваат значително повеќе време во споредба со граѓаните со други социодемографски карактеристики.

# V УЧЕСТВО ВО НЕПАРТИСКИ ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ

Учеството на граѓаните во непартиски политички активности е мерено преку: учество во петиции, протести, бојкот и пополнување граѓански дневник. Последните две се нови категории споредено со претходното истражување од 2007 г., а се заменети пишувањето во весник (заради незначително учество во минатите истражувања) и јавување на телефонска линија (заменето со граѓански дневник).

Исто така, модифицирани се и категориите на одговори. Овој пат можните одговори беа: Учествувал (во последните 5 години); Не, но би учествувал (за да се процени потенцијалот за промена, т.е. за поголемо граѓанско учество); Никогаш не би учествувал. Во претходното истражување од 2007 година, можните одговори беа: Не (со кои сега се споредуваат првите два одговори во ова истражување, бидејќи ги вклучува и потенцијално активните граѓани); а другите три можни одговори (Еднаш; Неколку пати; Постојано) сега се заменети со еден одговор – Учествувал, заради малцинската вкупна застапеност во претходното истражување (од 8,3 % до 25,1 % во максималниот случај).

**Графикон V 1. Учество на граѓаните во непартиски политички активности**




Учество на протест (демонстрација, митинг) пријавиле 40,4 % од граѓаните. Има поголемо учество на мажите од жените (за 12,4 процентни поени). Влијание на учеството има и етничката припадност (етничките Албанци почесто учествувале на протести, за 13,4 процентни поени повеќе од етничките Македонци), како и образованието (почесто учествувале оние со повисоко образование).

Околу една третина (31,7 %) од граѓаните потпишале петиција во последните 5 години. И тука има малку поголемо учество на мажи (7,3 процентни поени повеќе од жени), а делумно влијание на учеството има и образованието (расте учеството и потенцијалот за учество со зголемувањето на нивото на образованието).

Кај двете категории има значително зголемување (речиси удвоено) во однос на претходното истражување. Кај протестите зголемувањето е од 22,4 % на 40,4 %, а кај

петициите од 15,3 % на 31,7 %. Со тоа, учеството се доближува на нивото од 2004 година (44,6 % за протести и 36,7 % за петиции). Потенцијалот за поголемо учество на граѓаните е релативно голем (24,3 % и 34,3 %), додека околу третина од популацијата воопшто не би учествувала во протести и петиции.

Во новововедените категории, бојкот и граѓански дневник, учеството на граѓаните е мало (16,7 %, односно 12,3 % респективно), а потенцијалот за учество е идентичен (28,4 %) за двете категории. Кај граѓански дневник, малото учество можеби се должи и на релативно краткото време (околу 3 години) од неговото воведување и (не)информираноста на граѓаните за таа можност.

Православните христијани поретко (би) учествувале во бојкоти, а почесто учествувале граѓани со повисоко образование и оние кои живеат во Скопје (околу два пати повеќе од оние во руралните средини и помалите урбани центри).

Во однос на граѓанскиот дневник, влијанието на определени карактеристики е незначително, односно е прилично хомогено. Како и кај другите прашања, граѓаните со повисоко образование (би) учествувале повеќе, а само кај ова прашање има поголеми разлики помеѓу регионите (неучество нагласиле во источниот, југоисточниот и пелагонискиот регион).

# Заклучок

## 1. Зголемување на непартиските политички активности на граѓаните

Граѓаните имаат зголемени непартиски политички активности (протести, петиции) во однос на претходното истражување.

Конзистентно е поголемото учество на граѓаните со повисоко образование.

Во протестите и петициите има поголемо учество на мажите, отколку на жените.

Има релативно голем потенцијал (околу 30 %) за зголемен активизам на граѓаните (оние кои не учествувале досега, но би го направиле тоа).

# VI ДОБРОВОЛНА АКТИВНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Значаен дел од општествената одговорност на граѓаните претставува и нивното активно вклучување во доброволните активности во заедницата. Тоа вклучува учество на состаноци на кои се расправа за проблемите во заедницата (општина, месна заедница, куќен совет и сл.), доброволно учество во активност корисна за заедницата (пр. чистење улици и други јавни површини), или пак помагање на други луѓе од заедницата без надомест за тоа.

Учеството на граѓаните во волонтерски активности во заедницата е мерено со помош на две прашања, дали граѓаните учествувале во доброволни акции во заедницата, и ако учествувале, колку време годишно употребиле за тие активности.

Потврден одговор дека учествувале во доброволни активности во заедницата дале 27,4 % од граѓаните, од кои се 59,8 % се мажи, а 40,2 % се жени.

На истото прашање нема значителни отстапувања во однос на возраста (средновечните граѓани на возраст од 30 до 39 години се малку поактивни од младите и од постарите), месечните примања, и припадноста на општествените класи (средната и високата класа биле малку поактивни во однос на работничката и пониската класа).

Отстапување се забележува во однос на образовната структура на граѓаните, тие со високо образование (39 %), незавршено основно (27,6 %) и средно образование (25,9 %) се поактивни од граѓаните со завршено основно образование (15,9 %). Во однос на работниот статус, најактивни во заедницата се студентите (43,2 %) и вработените во јавниот сектор (32,9 %), во однос на невработените (28,9 %), вработените во приватниот сектор (26,5 %), пензионерите (24,5 %) и земјоделците (22,2 %). Домаќинките (6,4 %) најмалку учествуваат во доброволните активности во заедницата.

**Графикон VI 1. Учество на граѓаните во доброволни активности во заедницата**




Исто така, отстапување има и во однос на местото на живеење, граѓаните на Скопје (25,8 %) се малку попасивни во однос на другите урбани (28,8 %) и рурални (27,9 %) средини, притоа волонтерството на граѓаните според планските региони е следното: источен (42,3 %), полошки (38 %), југозападен (33,8 %), пелагониски (27,8 %), вардарски (23,6 %), скопски (21,2 %), југоисточен (18,8 %) и североисточен (14,7 %).

Мали отстапувања постојат и во однос на етничката припадност, посебно кај двете најголеми етнички заедници, етничките Албанци (30 %) се поактивни од етничките Македонци (26,1 %). Според верската припадност, малку поактивни во заедницата се

граѓаните кои се изјасниле дека се религиозни (27,9 %), во однос на граѓаните кои се изјасниле дека не се религиозни (25,7 %), од кои кај двете најголеми верски заедници, муслиманите (30,2 %) се поактивни во заедницата од православните христијани (26,5 %).

**Табела VI 1. Родова структура на волонтерството според местото на живеење и етничката припадност**

| | Рурално (село) | Урбано (град) | Скопје | Македонци | Албанци |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мажи** | 67,1 % | 53,2 % | 58,9 % | 54,9 % | 68,1 % |
| **Жени** | 32,9 % | 46,8 % | 41,1 % | 45,1 % | 31,9 % |
| **Вкупно** | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % |

Споредени, податоците за етничката припадност и местото на живеење во однос на родовата структура на граѓаните кои учествувале во волонтерски активности покажуваат дека жените во руралните средини се значително помалку волонтерски активни во заедницата во споредба со жените во урбаните средини и дека етничките Албанки се значително помалку волонтерски активни во споредба со етничките Македонки.

**Графикон VI 2. Поминато време во учество во доброволни акции на годишно ниво**




Во однос на обемот на волонтерскиот ангажман, најголем број од граѓаните (45,4 %) кои учествувале во активности во заедницата посветиле до 10 часа годишно.

Бројот на граѓаните кои издвојуваат повеќе време за учество во активности во заедницата значително се намалува со зголемувањето на временскиот ангажман (од 11 до 20 часа 18,8 %, од 21 до 50 часа 18,4 %, и над 50 часа 17,4 %).

Мало отстапување од ова правило има помеѓу студентите и етничките Албанци, од кои најголем процент изјавуваат дека волонтираат од 21 до 50 часа годишно, при што овој процент е незначително малку поголем од процентот на студентите и етничките Албанци кои волонтираат до 10 часа годишно.

# Заклучоци

## 1. Мал интерес за активно вклучување во волонтерски активности

Помалку од третина од испитаниците (27,4 %) изјавиле дека волонтерски се вклучиле во активности во заедницата. Оттука, може да се заклучи дека во Македонија граѓаните покажуваат мал интерес за активно вклучување во волонтерски активности во заедницата.

Притоа граѓаните најчесто волонтерски се ангажираат до 10 часа годишно, што укажува дека волонтерските активности во најголем број се еднократни/еднодневни ангажмани, односно може да се заклучи дека не постои континуитет во волонтерските активности и дека граѓаните немаат изградени навики и свест за да направат нешто повеќе (вон семејството и лично за себе) за заедницата и за сограѓаните.

## 2. Активностите во заедницата – „машка работа“, можен родов стереотип

Мажите за 19,6 процентни поени повеќе од жените се вклучени во активностите во заедницата (состаноци на куќен совет, месни заедници, општини, како и доброволни акции за корист на пошироката заедница).

Притоа разликата помеѓу мажите и жените е поизразена во руралните средни каде што мажите се за 34,2 процентни поени поактивни во заедницата од жените и кај албанската етничка заедница каде што етничките Албанци се за 36,2 процентни поени поактивни во заедницата од етничките Албанки.

# VII УЧЕСТВО И АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Учеството и активноста на граѓаните во организациите на граѓанското општество се испитувани преку прашања дали членуваат во организации на граѓанско општество, во кои сектори работат организациите во кои членуваат, дали плаќаат членарина, дали доброволно работат и што ги мотивира да бидат активни во организации на граѓанското општество.

## VII 1. Членување на граѓаните во организациите на граѓанското општество и политичките партии

Мало малцинство од испитаниците изјавиле дека се членови на некоја граѓанска организација, при што активни се 10,2 %, додека 13,8 % се неактивни членови. Големо мнозинство од граѓаните не членуваат ниту во граѓански организации, ниту пак во други форми на здружување: синдикати, цркви и верски организации. Сепак членувањето, и тоа и на оние кои се активни и кои се неактивни, е повисоко во политичките партии во споредба со другите форми на здружување, односно вкупно 41,6 % од испитаниците се членови на политички партии.

**Графикон VII 1.1. Вклученост во работата на повеќе облици на здружување**




Врз членувањето во граѓански организации влијание има религиозната припадност и религиозноста. Така, оние со исламска вероисповед повеќе членуваат во граѓански организации, од оние со православна вероисповед (32,4 % наспроти 20,1 %), а оние кои се нерелигиозни, повеќе од религиозните (37,5 % наспроти 21,1 %). Исто така влијание има и образованието и чувството за припадност кон одредена класа, при што оние со повисоко образование и оние кои се чувствуваат како припадници на повисока класа повеќе членуваат во граѓански организации. Во однос на работниот статус, се издвојуваат студентите каде 47,4 % се членови на граѓански организации.

**Табела VII 1.1. Членување на граѓаните во граѓански организации според образованието**

| | Незавршено основно | Основно | Средно | Вишо, високо | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Активен | 3,4 % | 3,2 % | 9,6 % | 17,2 % | 10,2 % |
| Неактивен | 6,9 % | 11,9 % | 12,5 % | 18,8 % | 13,8 % |
| Не членува | 89,7 % | 84,9 % | 77,9 % | 64,0 % | 76,1 % |
| **Вкупно** | **100 %** | **100 %** | **100 %** | **100 %** | **100 %** |

**Табела VII 1.2. Членување на граѓаните во граѓански организации според чувството на припадност кон одредена класа**

| | Повисока класа | Повисока средна класа | Пониска средна класа | Работничка класа | Пониска класа | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активен член | 22,0 % | 15,4 % | 10,0 % | 6,1 % | 6,7 % | 10,2 % |
| Неактивен член | 22,0 % | 16,5 % | 15,9 % | 9,6 % | 8,0 % | 13,8 % |
| Не членувам | 56,1 % | 68,0 % | 74,1 % | 84,3 % | 85,3 % | 76,1 % |
| **Вкупно** | **100 %** | **100 %** | **100 %** | **100 %** | **100 %** | **100 %** |

Разлики во членувањето има според секторите во кои дејствуваат граѓанските организации. Најмногу членство привлекуваат социјалните и хуманитарните организации.

**Табела VII 1.3. Членување на граѓаните во организациите на граѓанското општество по сектори**

| Сектори | Членуваат |
|---|---|
| Социјални и хуманитарни организации | 13,9 % |
| Спорт, хоби и рекреација | 12,8 % |
| Животна средина и природа (еколошки организации) | 11,5 % |
| Деца, млади и студенти | 10,0 % |
| Струкови организации | 8,8 % |
| Жени и родови прашања | 8,8 % |
| Култура и образование | 8,6 % |
| Демократија, човекови права и владеење на правото | 8,0 % |
| Здравје и здравство | 7,3 % |
| Рурален развој | 6,1 % |
| Лица со хендикеп | 6,1 % |
| Организации на потрошувачите | 3,8 % |

## VII 2. Начин на вклученост

Вклученоста во различните облици на здружување е испитувана од аспект на плаќање членарина и доброволна работа.

**Графикон V 2.1. Плаќање членарина во различни облици на здружување**




**Графикон V 2.2. Плаќање членарина во граѓанските организации**



Мало малцинство граѓани (12,6 %) плаќаат членарина во граѓанските организации, и тоа е за половина помалку од оние кои плаќаат членарина за различни форми на здружување. Плаќањето членарина во граѓанските организации е покарактеристично за студентите (25,3 %) и вработените во јавниот сектор (19,3 %), како и кај оние со вишо и со високо образование (20,2 %) и оние кои се чувствуваат како припадници на повисоките класи (29,3 % за повисока и 16,5 % за повисока средна класа).

**Графикон VII 2.2. Доброволна работа во различни облици на здружување**




Политичките партии се издвојуваат како попривлечни за доброволна работа во споредба со другите форми на здружување.

Испитаниците запрашани поконкретно за доброволна работа во граѓански организации според категории/сектори, информираат за повисоко ниво на активност, односно 28,1 % доброволно работеле во некоја граѓанска организација, наспроти претходно декларираните 10,1 % кога е поставено општото прашање.

Разликите на доброволна работа меѓу сектори на дејствување во рамките на граѓанските организации се незначителни.

**Графикон VII 2.3. Време посветено на доброволна работа во граѓанските организации**




Мнозинството од оние кои работеле доброволно посветувале главно 10 часа (50,6 % од нив), а 27 % од нив посветиле од 11 до 40 часа на доброволна работа во текот на еден месец.

## VII 3. Мотивација за вклученост

Мотивацијата за вклученост на граѓаните во активности на организациите на граѓанското општество бележи промена во однос на претходната година. На прашањето зошто им се важни организациите во кои се вклучени, 26,8 % од оние кои се вклучени (или 9,5 % од сите испитаници) одговориле дека е тоа заради помошта на заедницата, 22,4 % (односно 7,9 % од сите испитаници) дека е заради нивната согласност со мисијата на организацијата, а 21,9 % (т.е. 7,8 %) дека е заради социјализација. Во однос на претходната година има умерено зголемување на помошта кон заедницата (за 6,2%) и можноста за социјализација (за 5,1%) како мотив за вклучување.

**Графикон VII 3.1. Мотив за вклучување на граѓаните во организациите на граѓанското општество**




Карактеристична е мотивацијата на студентите каде високо доминира помошта кон заедницата (23,2 %) и можноста за социјализација (15,8 %).

## Заклучоци

### 1. Малку граѓани се активни и доброволно работат во граѓански организации

Вклученоста на граѓаните во граѓанските организации е мала (24 % се членови) и нема битно поместување во однос на 2006 година кога е констатирано дека 22,9 % од населението членува во граѓански организации (Индекс на граѓанското општество во Македонија, МЦМС).

Повеќе од половината од членовите на граѓанските организации се неактивни.

Доброволно во граѓански организации работат 10 % од граѓаните, што се поклопува со бројот на активни членови во нив.

Членувањето и во другите форми на здружување во граѓанското општество (цркви и верски заедници и синдикати) е слично.

### 2. Повисоките социјални слоеви поактивни во граѓанските организации

Оние кои се со повисоко образование и кои се чувствуваат како припадници на повисока класа повеќе членуваат во граѓански организации, што укажува на тоа дека во структурата на граѓанското општество во споредба со 2006 година нема значајни промени. Имено, и тогаш Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2006) констатира дека во граѓанското општество има помала претставеност на сиромашните.

### 3. Политичките партии мобилизираат повеќе граѓани во споредба со другите форми на здружување

На секои 5 граѓани, 2 се членови на некоја политичка партија, но сепак само 1 е активен.

Повеќе граѓани работат доброволно во политичките партии во споредба со граѓанските организации, црквите и верските заедници и синдикатите.

### 4. Малкуте кои решиле да придонесат со доброволна работа се мотивирани главно од алтруистички причини

Половината од оние кои се активни со доброволна работа во граѓански организации тоа го прават за да придонесат кон заедницата и затоа што веруваат во мисиите на организациите за кои доброволно работат. Тенденцијата на промена на мотивацијата за учество од основните (нови контакти, личен развој), кон повисоките придобивки (помош на заедницата, мисија на организациите) констатирана и претходната година, продолжува и понатаму со умерено зголемување.

# VIII ДОБРОТВОРНИ ПРИЛОЗИ

Добротворните прилози се истражувани преку 15 прашања. Одговорите на најголем дел од нив можевме да ги споредиме со истражувањето за добротворно давање од претходната 2008 година. Резултатите покажуваат какви се навиките за добротворно дарување на граѓаните на Република Македонија.

## VIII 1. Учество и мотивација

### Учество на граѓаните во добротворните прилози

Се зголемил бројот на оние што дарувале во последните 12 месеци во однос на претходната година. Редовно или неколку пати дарувале 70,9 % од испитаниците во однос на 64,6 % минатата година. Социодемографските карактеристики на испитаниците имаат влијание на нивното дарување. Најмалку дарувале оние што сметаат дека припаѓаат во пониска класа (50,7 %), а најмногу оние од повисоката средна класа (88 %) и повисоката класа (95,1 %). Бројот на дарувачи расте и со зголемувањето на степенот на образованието, од 55,2 % кај оние со незавршено основно образование, до 82,5 % кај оние со завршено вишо или високо образование. Потенцијални дарувачи најмногу се јавуваат кај оние со завршено основно образование (32,5 %). И занимањето има влијание на дарувањето, најмалку даруваат домаќинките (53,2 %) и земјоделците (55,6 %), а најмногу вработените во јавниот сектор (79,3 %). И оваа година најмалку дарувале граѓаните од југоисточниот регион (42,4 %), а најмногу оние од источниот регион (87,2 %).

**Графикон VIII 1.1. Давање добротворни прилози во изминатите 12 месеци**




## VIII 1.2. Мотивација

За 12,1 процентен поен е зголемен бројот на оние што даруваат затоа што сметаат дека луѓето треба да се поддржуваат меѓу себе (48,4 %) во однос на претходната година (36,3 %). Во ставот дека луѓето треба да се поддржуваат меѓу себе, најмалку веруваат земјоделците (33,3 %) и домаќинките (35,8 %), потоа луѓето што себеси се гледаат како припадници на пониската класа (34 %), оние со незавршено основно образование (31 %) и оние со месечни примања од 1.500 до 3.000 денари по член во домаќинството. Наспроти нив, најмногу во овој став веруваат студентите (58,9 %), вработените во јавниот (53,9 %) и во приватниот

сектор (52,4 %), оние што себеси се гледаат како повисока средна класа (55,4 %), оние што завршиле вишо или високо образование (57,5 %) и оние чии примања се помеѓу 5.000 и 6.500 денари (57,1 %).

**Графикон VIII 1.2. Мотивација**




Процентите кај речиси сите причини за недарување се во пад во однос на претходната година. Најголем дел од испитаниците не даруваат затоа што немаат доволно ни за себе (8,8%). Такви се невработените (18,4%), оние што себеси се гледаат како пониска класа (27,3%), оние со незавршено основно образование (20,7%) и оние со месечни примања помеѓу 1.500 и 3.000 денари. Во злоупотреби најмногу се сомневаат пензионерите, невработените и земјоделците.

**Графикон VIII 1.3. Причини за недавање добротворни прилози**



# Заклучоци

### 1. Расте бројот на луѓето што даруваат од 64,6 % минатата, на 70,9 % оваа година

Во раст е бројот на оние што редовно даруваат и на оние што дарувале неколку пати. Влијание на дарувањето има степенот на образованието, занимањето, социјалниот статус и регионот во кој живеат граѓаните. Повеќе даруваат пообразованите и оние од повисоките класи. Помалку даруваат домаќинките и земјоделците, а повеќе вработените во јавниот сектор.

### 2. Пораст на солидарноста како главен мотив за дарување

Речиси половина од граѓаните што даруваат се водени од идејата дека луѓето треба да се поддржуваат меѓу себе. Ваквата мотивација пораснала на 48,4 % во оваа од 36,3 % во минатата година.

Зголемувањето на поддршката на ставот дека луѓето треба да се поддржуваат меѓу себе е во корелација со зголемувањето на поддршката на општиот став за солидарноста – „луѓето се солидарни и спремни да им помогнат на луѓето и групите кои имаат потреба за тоа“ (од 39,3 % на 49,3 %).

# VIII 2. Цели и механизми на добротворните прилози

## Цели на добротворните прилози

Оваа година граѓаните најмногу дарувале за здравје и помош на болни (18,3 %), за хуманитарни цели (18,3 %) и за сиромашни (15,7 %). Дарувањето за верски објекти е стабилно, на минатогодишното ниво од 7,2 %. Иако незначително, пораснал процентот на оние што дарувале за локална инфраструктура од 0,4 % на 1,5 %.

Испитаниците кои се изјасниле како припадници на православната религија повеќе даруваат за здравје (22,9 %) отколку оние со исламска религија (7,6 %). За оваа цел најмногу даруваат и испитаниците од повисоката класа (29,3 %), како и оние од источниот (37,8 %) регион. За верски објекти најмногу се дарува во полошкиот регион (18,2 %), а најмалку во вардарскиот и југоисточниот (0 %). Што се однесува до дарувањето во хуманитарни цели, пелагонискиот регион е лидер во дарувањето за таа цел (42 %), за разлика од југозападниот (3,5 %).

**Графикон VIII 2.1. Цел на дарувањето во 2008 г.**



Прашани да изберат за кои две цели даруваат, граѓаните одговориле дека тоа се социјалната грижа (22,9 %), црквите и верските заедници (18,5 %) и здравјето и здравството (18,3 %). За жал, како и минатата година, дарувањето за образование и наука, култура и уметност, спорт, хоби и рекреација и уште неколку области е на многу ниско ниво. Испитаниците овие области веројатно ги доживуваат како обврска на државата што е во согласност со ставот дека државата е најодговорна за поддршка на граѓаните во решавањето на нивните општествени потреби (51,9 %).

Испитаниците од повисока класа најмногу даруваат за цркви и верски заедници (34,1 %) и за деца, млади и студенти (19,5 %). Оваа цел им е приоритетна на испитаниците чии примања се помеѓу 15.000 и 24.000 денари и на граѓаните на полошкиот регион. Кај дарувањето за лица со посебни потреби влијание има образованието, дарувањето расте од 0 % кај оние со незавршено основно, до 10,4 % кај оние со вишо и со високо образование. За здравје и здравство најмногу даруваат испитаниците чии приходи се движат од 6.500 до 8.000 денари (28,2 %), како и испитаниците од источниот (38,5 %) и пелагонискиот регион (30,1 %). За оваа цел најмалку даруваат граѓаните на Полог (5,1 %) и оние од југозападниот регион (9,2 %). За социјална грижа најмногу даруваат во североисточниот (39 %), а најмалку во пелагонискиот регион (8,5 %).

**Табела VIII 2.1. Приоритетни полиња за дарување**

| Поле на дарување | % |
|---|---|
| **Социјална грижа (хуманитарни)** | 22,9 |
| **Цркви и верски заедници** | 18,5 |
| **Здравје и здравство** | 18,3 |
| **Без одговор** | 17,8 |
| **Деца, млади и студенти** | 7,1 |
| **Лица со посебни потреби** | 6,3 |
| **Демократија, човекови права и владеење на правото, антикорупција** | 2,2 |
| **Животна средина и природа** | 1,5 |
| **Жени и родови прашања** | 1,3 |
| **Спорт, хоби и рекреација** | 1,1 |
| **Култура, уметност и образование** | 1,1 |
| **Рурален развој** | 0,9 |
| **Политички партии** | 0,9 |
| **Синдикати** | 0,1 |
| **Струкови организации** | 0,1 |
| **Организации на потрошувачите** | 0,1 |
| **Вкупно** | **100,0** |

Оваа година, за разлика од претходните две, изедначени се локалниот (месна заедница) и општинскиот приоритет. За разлика од претходната година кога непосредното место на живеење било приоритет за 57,6 % од испитаниците, оваа година тоа е приоритет на 32,5 % колку што е приоритизирано дарувањето во општината или градот. Националното ниво бележи пораст од 10 процентни поени (од 6,3 % лани на 16,3 % оваа година).

Дарувањето локално има голема поддршка кај граѓаните кои припаѓаат на исламската религија (48,8 %), за разлика од оние што припаѓаат на православната религија (26 %). Односот е обратен кога е во прашање дарувањето на национално ниво, припадниците на православната религија даруваат повеќе (19,6 %) од припадниците на исламската (8,4 %). И религиозноста има влијание на приоретизирањето на нивоата на дарување, религиозните повеќе сакаат да даруваат локално (34,2 %), за разлика од оние што не се чувствуваат како религиозни личности (24,9 %). Локалното ниво е приоритетно и за оние од пониската

средна класа (37,2 %), за граѓаните кои живеат во рурални подрачја (47 %) и за оние чии месечни примања по член на домаќинството се 1.500 денари (50 %). Општината или градот се поприоритетно ниво за оние од повисоката класа (41,5 %) и за жителите на урбаните подрачја (43,9 %), а националното ниво е поприоритетно за оние што живеат во Скопје (29,4 %).

**Графикон VIII 2.2. Приоритетни нивоа на дарување**




Граѓаните најмногу дарувале пари (34,1 %) или и пари и добра (28 %). Испитаниците кои себеси се сметаат за религиозни личности повеќе дарувале пари (36,2 %) од оние што не се сметаат за религиозни (23,2 %). Нерелигиозните повеќе дарувале и пари и добра (37,1 %) од религиозните (26,5 %). Дарувањето пари и добра расте од пониската (20,7 %) кон повисоката класа (41,5 %), како и со зголемувањето на степенот на образование од незавршено основно (17,2 %) до више и високо (30,8 %).

**Графикон VIII 2.3. Што даруваат граѓаните**




Вредноста на даруваните добра (храна и облека) најчесто е помеѓу 501 и 1.000 денари (10,4 %). Ова е помалку во споредба со претходната година кога ваков износ дарувале 11,2 % од испитаниците. Опаднал бројот на оние што дарувале до 500 денари (од 26,3 % на 9,5 %), а благо пораснал кај оние што дарувале од 1.001 до 2.000 денари (од 6,8 % на 9,8 %).

До 500 денари најмногу даруваат оние со примања над 24.000 денари по член на домаќинството. Помеѓу 1.001 и 2.000 денари најмногу даруваат оние со примања помеѓу 15.001 и 24.000 денари, за разлика од оние со примања над 24.000 денари (6,9 %).

**Графикон VIII 2.4. Вкупен износ на даруваните добра изминатите 12 месеци**




Граѓаните најчесто даруваат од 100 до 500 денари. Во споредба со минатата година, пораснал бројот на дарувачите во сите категории. Најзначајно пораснал бројот на оние што даруваат од 100 до 500 денари (од 8,2 % лани на 17,6 % оваа година). Речиси двојно повеќе припадници на православната религија даруваат од 50 до 100 денари (18,9 %), во однос на припадниците на исламската религија (9,1 %) и обратно, двојно повеќе припадници на исламската религија (22,9 %) даруваат над 500 денари од припадниците на православната религија (11,5 %).

**Графикон VIII 2.5. Добротворни прилози во пари изминатите 12 месеци**




## Механизми на дарување

И понатаму најприфатлив начин на дарување е од куќа на куќа (39,5 %). Во однос на претходната година, поддршката на овој механизам на дарување сепак опаднала за речиси 10 процентни поени (била 49 %). Пад има и кај жиро-сметките (од 14,5 % на 9,6 %) и кај

кутиите за готовина (од 11,9 % на 10,9 %). За граѓаните, во однос на претходната година, поприфатливи се теледонациите, тие пораснале на 14,5 % од 12,4 % во минатата година.

Мнозинство од етничките Албанци (54,1 %) го преферираат дарувањето од куќа на куќа, за разлика од малцинство од етничките Македонци (34,9 %). Дарувањето од куќа на куќа е најпрефериран начин и за 50,5 % од домаќинките, за 48,8 % од припадниците на повисоката класа и за 56,4 % од жителите на источниот регион.

**Графикон VIII 2.6. Механизми на дарување**




Распоредот во одговорите, кому даруваат или преку кого граѓаните претпочитаат да даруваат е исто како претходната година. Мнозинството (52,3 %) сака да дарува директно на корисниците. Втор избор се црквите и верските заедници (12,2 %), а трет Црвениот крст на Република Македонија (11,7 %). Граѓанските организации оваа година се на четврто место и бележат благ пораст во однос на претходната година.

Побројни се етничките Албанци кои сакаат да даруваат директно на корисникот (63,7 %), наспроти етничките Македонци (49,3 %). Дарувањето за цркви и верски заедници е речиси на исто ниво (11,6 % кај етничките Македонци, а 12,4 % кај етничките Албанци), а процентот на етничките Македонци кои сакаат да даруваат преку Црвениот крст на Република Македонија е поголем од оној на етничките Албанци (1,6 %). Бројот на оние кои преферираат да даруваат директно на корисникот расте со степенот на образованието од 37,9 % кај оние со незавршено основно, до 53,4 % кај оние со завршено вишо и високо образование. Ист е трендот и кај класите. Поддршката за дарување директно на корисник се движи од 40,7 % кај оние од пониската класа, до 58,5 % кај оние од повисоката класа. Ова може да укажува на ниска доверба во посредниците кај овие граѓани. Разлики има и во регионите, граѓаните од полошкиот регион повеќе сакаат да даруваат директно на корисникот (62,4 %), од оние од североисточниот (35,3 %). Дарувањето за цркви и верски заедници најголема поддршка има во пелагонискиот регион (20,5 %), а најмала во

вардарскиот (0 %), а дарувањето за Црвениот крст на Република Македонија има најголема поддршка во југоисточниот регион (32,6 %).

**Графикон VIII 2.7. Преку кого претпочитаат да даруваат граѓаните**




Најголемата причина за директно дарување е затоа што сакаат да видат кому му даруваат (39,5 %). Паднал процентот на оние чии причини за директно дарување е стравот од злоупотреба од 35 % минатата година, на 27,6 % оваа година.

На стравот од злоупотреба влијае и образованието и класата на испитаникот. Расте бројот на овие одговори со зголемувањето на степенот на образованието од 10,3 % кај оние со незавршено основно, до 36,2 % кај оние со завршено вишо и високо образование. Исто е и кај класите, од 20 % кај испитаниците од пониската класа, до 31,7 % кај оние од повисоката класа. Што се однесува до регионот во кој живеат испитаниците, најголем страв од злоупотреба има во вардарскиот регион (36,8 %), а најмал во југоисточниот регион 13,2 %. На југозападот најмногу сакаат да видат кому му даруваат (50,7 %).

**Графикон VIII 2.8. Причини за директно давање добротворни прилози**



# Заклучоци

### 1. Социјалната грижа или хуманитарните цели им се првиот приоритет за дарување на граѓаните

Вкупно 22,9 % од граѓаните даруваат за хуманитарни цели, 18,5 % за цркви и верски заедници, а 18,3 % за здравје и здравство.

### 2. Општинското и националното ниво повисоко на листата на приоритетни нивоа за дарување

Граѓаните ги шират своите перспективи од непосредните места на живеење. Општината или градот е приоритетно ниво за 4,8 % повеќе граѓани, а националното ниво е поприоритетно за 10 % повеќе граѓани во однос на претходната година.

### 3. Најчесто се даруваат пари, а вообичаената сума е од 100 до 500 денари

Луѓето преферираат да даруваат пари (34,1 %) или и пари и добра (28 %). Најголем број од нив, кога даруваат во добра, даруваат до 2.000 денари.

### 4. Граѓаните најмногу сакаат да даруваат директно и на рака

Дарувањето од куќа на куќа има пад за 10 % во однос на претходната година, а дарувањето директно на корисник, благ пад од 6,4 %. И покрај тоа, ова сè уште се најпреферираните опции за граѓаните. Најчестите причини за одбегнувањето на посредниците се желбата да се види кому му се дава помошта (39,5 %) и потребата да се избегне злоупотреба (27,6 %).

# VIII 3. Транспарентност

## Информирање за добротворните акции

За разлика од претходните две истражувања, оваа година електронските медиуми не се главните носачи на информациите за добротворните акции. Во 2006 година 35,9 % информациите ги добивале од електронските медиуми, во 2008 г. 30,1 %, а оваа година 27,1 %. Информирањето директно од корисниците се зголемува од година во година од 20,1 % во 2006 г., 28,3 % во 2008 г., до 32,5 % оваа година.

Етничкото потекло влијае на начинот на информирање за добротворните активности, па така 35 % од етничките Македонци информациите ги добиваат од корисниците, наспроти 26,4 % од етничките Албанци. Продорноста на електронските медиуми е поголема кај етничките Македонци (31,9 %), отколку кај етничките Албанци (14,5 %), а вториве информациите почесто ги добиваат од пријатели и соседи (29,8 %), отколку првите (6,8 %). Продорот на информации од електронските медиуми се зголемува со зголемувањето на степенот на образованието од 6,9 % кај оние со незавршено основно, до 33,5 % кај оние со завршено вишо и високо образование. Информираноста од соседи и пријатели има обратен тренд, паѓа од оние со незавршено основно (24,1 %), кон оние со завршено вишо и високо образование (11,2 %). Местото на живеење исто така влијае на начинот на информирање. Продорноста на електронските медиуми расте од 18,5 % кај оние кои живеат во руралните подрачја, на 30,8 %, односно 31,8 % кај оние што живеат во урбани подрачја, односно во Скопје. Растот на информациите од соседите и пријателите е обратен – од 5,6 % во Скопје, до 19 % во руралните подрачја. Испитаниците со поголеми приходи (над 24.000 денари) повеќе се информираат од електронските медиуми (38,8 %), отколку од соседите и пријателите (2,5 %).

**Графикон VIII 3.1. Начин на информирање за добротворни акции**




## Наменска употреба на добротворните прилози

Има благ пораст на ставовите дека добротворните прилози секогаш или главно се употребуваат наменски во однос на претходната година (од 54 % на 55,7 %) и благ пад на оние што сметаат дека секогаш или главно се проневеруваат (од 45 % на 41,2 %).

Земјоделците (62,5 %) и студентите (62,15 %) најмногу веруваат во наменската употреба на добротворните прилози, за разлика од домаќинките кои најмалку веруваат во тоа (36,7 %). И образованието има влијание на убеденоста во наменската употреба на прилозите, како расте степенот на образованието, така расте процентот на оние што сметаат дека прилозите се употребуваат наменски (од 44,8 % кај оние со незавршено основно, до 61,6 % кај оние со завршено вишо и високо образование). Во овој став повеќе веруваат и оние што живеат во урбани средини (62,6 %), отколку оние што живеат во Скопје (43,5 %). Според регионите во кои живеат, жителите на југоисточниот регион најмногу веруваат во наменската употреба на добротворните прилози (72,2 %), за разлика од оние што живеат во вардарскиот регион (28,3 %).

**Графикон VIII 3.2. Наменска употреба на добротворните прилози**




## Повратна информација

Мнозинство од испитаниците (66,3 %) сметаат дека оние што даруваат не треба да добијат ништо. Овој процент се зголемува од испитаниците од пониската (50,7 %), кон испитаниците од повисоката (75,6 %) класа, од оние со незавршено основно (44,8 %), кон оние со завршено вишо и високо образование (73,8 %), како и од оние со ниски (до 1.500 денари – 55,9 %), кон оние со повисоки (над 24.000 денари – 73,8 %) примања.

Сè уште е низок процентот на оние што сакаат да добијат информација за употребата на средствата (7,5 %) или оние што сакаат да ја посетат активноста што ја поддржале (2,9 %) што би воспоставило поголем однос на доверба помеѓу дарителот и примачот.

**Графикон VIII 3.3. Оние кои даруваат треба да добијат**




## Заклучоци

### 1. Промена во најчестиот начин на информирање за добротворните акции

Најголем број граѓани (32,5 %) за добротворните акции се информираат директно од корисниците, а електронските медиуми се на второ место (27,1 %).

### 2. Поделена перцепција за наменската употреба на средствата, вкупно 55,7 % од испитаниците сметаа дека собраните прилози се употребуваат наменски

И покрај благиот пад од 3,8 процентни поени, сè уште е висок процентот на оние што сметаат дека средствата не се употребуваат наменски (41,2 %). Граѓаните ниту веруваат во наменската употреба на средства ниту сакаат информации за тоа како се користат средствата, само 7,5 % имаа потреба од информација, а 2,9 % би сакале да ја посетат активноста што ја поддржале.